# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 16 Февруари 2007 година<br>Службен гласник број 2<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈКП “КОМУНАЛЕЦ” – ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансискиот план на ЈКП “Комуналец” – Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/1
16.02.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.02.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Финансискиот План на ЈКП “Комуналец” Прилеп за 2007 година

1. Се усвојува Финансискиот План на ЈКП “Комуналец” Прилеп за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 416/2
14.02.2007 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА “ТЕРМИНАЛ”– КОМУНАЛЕЦ ДООЕЛ – ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансискиот план на “Терминал”– Комуналец ДООЕЛ – Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/2
16.02.2007 год.
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 14.02.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот План на“Терминал” – Комуналец ДООЕЛ - Прилеп за 2007 година

1. Се усвојува Финансискиот План на “Терминал” - КомуналецДООЕЛ - Прилеп за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 416/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА НА ВОЗНИОТ ПАРК И ПОТРЕБАТА НА МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА НА ТППЕ – ПРИЛЕП**

1. Решението за усвојување на Извештајот за состојбата на возниот парк и потребата на материјално – технички средства на ТППЕ – Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 год. на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.02.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Извештајот за состојбата на возниот парк и потребата на материјално-технички средства на ТППЕ - Прилеп

1. Се усвојува Извештајот за состојбата на возниот парк и потребата на материјално-технички средства на ТППЕ – Прилеп.

2. Решението да се достави до Градоначалникот,ТППЕ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 416/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА –ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВЕДЕНАТА СОСТОЈБА НА ЛИЦЕ МЕСТО НА ДЕЛ КОЛЕКТИВНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Информацијата – податоци за изведената состојба на лице место на дел колективни станбени згради во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.02.2007 година, претресувајќи ја Информацијата – податоци за изведената состојба на лице место на дел колективни станбени згради во Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Информацијата – податоци за изведената состојба на лице место на дел колективни станбени згради во Прилеп

1. Се усвојува Информацијата – податоци за изведената состојба на лице место на дел колективни станбени згради во Прилеп.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 416/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО ЈРДП НА ЛОКАЛНО НИВО ЦПРТВ– ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Извештајот за моменталната состојба во ЈРДП на локално ниво ЦПРТВ – Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 14.02.2007 година, претресувајќи го Извештајот за моменталната состојба во ЈРДП – ЦПРТВ – Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Извештајот за моменталната состојба во ЈРДП – ЦПРТВ – Прилеп

1. Се усвојува Извештајот за моменталната состојба во ЈРДП – ЦПРТВ – Прилеп.

2. Се формира Координативно тело во состав:
   - Славе Наумоски
   - Марјан Цветаноски
   - Дарко Крстески
   - Гоце Тумaноски.

3. Задача на Координативното тело е заедно со Директорот, Управниот одбор и Менаџерскиот тим на ЈРДП ЦПРТВ – Прилеп, да изготват Информација – предлог – видувања за излез од моменталната состојба, со јасна цел за иднината на ЈРДП – ЦПРТВ – Прилеп.
4. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 416/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2007 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2007 година за Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 431/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05) и чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 став 1 точка 7 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.02.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2007 година за Општина Прилеп

**Чл.1**

Во Програмата за урбанистички планови за 2007 година за Општина Прилеп, број 07 - 235/3 од 14.12.2006 година во делот под точка **А- Детални урбанистички планови**, се додава точка точка 21 која гласи:

**21. ДУП за УАЕ бр. 13-(четврт), блок 7- измени и дополнувања**

Во делот под точка **Б.** Урбанистички планови вон населени места, се додаваат **нови точки 6 и 7**, кои гласат:

**6. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс - погон за монтажа на електрични машини и индустриски работи во М.В. "Разлеиште" К.О. Варош - Општина Прилеп - (проширување на опфатот на постоен ГУП за стопански комплекс донесен со Одлука бр. 07 - 471/4 од 11.03.2002 година).**

**7. Урбанистички план вон населено место на КП бр. 6 и 7, КО Селце во Општина Прилеп, за услужни дејности – сервисирање, перење, гаражирање и паркирање на тешки патнички возила.**

Чл.2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 416/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО – СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ИЗГРАДБА НА БЕНЗИНСКА И ПЛИНСКА СТАНИЦА СО ПРОПРАТНИ УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА ПАТОТ Р – 106**

1. Одлуката за утврдување Нацрт на урбанистички план вон населено место – Стопански комплекс за изградба на бензинска и плинска станица со пропратни услужни објекти на патот Р – 106, е објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 431/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.02.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување **Нацрт на Урбанистички план вон населено место- стопански комплекс за изградба на бензинска и плинска станица со пропратни услужни објекти на патот Р-106**

Чл.1

Се утврдува **Нацрт на Урбанистички план вон населено место-стопански комплекс за исградба на бензинска и плинска станица со пропратни и услужни објекти на патот Р-106 ,КО Прилеп,м.в. "Сарика"**,во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот кој се наога на регионалниот пат Р-106 кој ги поврзува Градско и Прилеп ,на петтата делница која има должина од 4км.на КП бр.1645/2,1645/1 (од 1986год.) или на КП бр.1690/1,1691/8,1691/5,1692/2,1689/1,1689/2,1689/3,1689/4,1689/5 со премерот од 1934год.во месноста "Мерите", или вака определениот опфат е со површина од 1,63ха.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Програма за донесување** ,изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004год.,бр.07-117/3 од 30.01.2004год.

**2. Елаборат за Услови за планирање на просторот** ,техн.бр.07405 од Јануари 2006год.,изработен од ЈП за просторни и урбанистички планови.

**3.Решение за Услови за планирање на просторот** бр.15-438/2 од 06.02.2006год.,од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4.Стручно мислење бр.19-7311/2 од 12.05.2006год.,**издадено од МТВ-Сектор за планирање на просторот-Скопје

**5. Урбанистички план вон населено место- за стопански комплекс за изградба на бензинска и плинска станица со пропратни услужни објекти на патот Р-106.,КО Прилеп м.в."Сарика" во Општина Прилеп-фаза Нацрт план ,техн.бр.17/04 од Септември 2006год. изработен од Агенција за планирање на просторот од Скопје и ДПУП "Урбанизам"- ДОО Битола , кој содржи:**

-Решение за регистрација на фирмата

- Лиценца за носител на изработување на урбанистички планнови

- Геодетски елаборат-изработен од ДООЕЛ"Гео Репер"од Прилеп.

**-Текстуален дел:**

Документациона основа

. Планска документација

Плански одредби

**-Графички прилози во документациона основа:**

- Извадок од карта на РМ М=1:50000
- Извадок од студија за придружни и услужни објекти на делница од Регионалниот пат П-106 (Градско-Прилеп-Битола-Макази)
- М=1: 100000

Извод од Просторен план на град Прилеп М=1:50000

- Извод од ГУП на град Прилеп М=1:5000 и извод од постојна геодетска подлога М=1: 2500
- Ажурирана геодетска пождлога М= 1: 1000
- Синтезен приказ-намена на земјиште,сообраќајна мрежа и инфраструктура М= 1:1000

**-Графички прилози од планска документација:**

.Синтезен план-план на намена на земјиштето и градбите М=1:1000

-Синтезен план-регулационен план ,план на површини за градење и нумерички податоци М=1: 1000

-Синтезен план-сообраќаен и нивелационен план и нумерички податоци М= 1:1000

Синтезен план-инфраструктурен план,план на зеленило и нумерички податоци М= 1:1000

**6.Извештај за извршена стручна ревизија** на нацрт урбанистички план вон населено место –за изградба на стопански омплекс –бензинска и плинска станица со пропратни и услужни објекти на патот Р-106 – Општина Прилеп,изработена од А.Д. "ЗУАС " од Скопје од Септември 2006год.

**7.Извештај за постапување по забелешките од** стручната ревизија - од изработувачот на планот –Агенција за планирање на просторот, од Септември 2006 год.

- **8.Стручно мислење (второ) бр.**19-17004/2 од 27.11.2006год. од МТВ-Сектор за планирање на просторот –Скопје.

**9.Извештај за постапување по забелешките од струиото мислење**

од Јануари 2007год.изработен од Агенција за планирање на просторот од Скопје и Друштво за прост.и урб.планови,инженеринг и др.”Урбанизам” ДОО Битола.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 416/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НАМАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП“КОМУНАЛЕЦ” – ПРИЛЕП**

1.Решението за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП “Комуналец” –Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп, на седницата, одржана на 14.02.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП “Комуналец” - П р и л е п**

1. Софија Димоска се разрешува од функцијатата член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП “Комуналец” – Прилеп, именувана со Решение (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 9/2005).

2. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП “Комуналец” – Прилеп, се именува Павлина Јовеска, дипл. Економист Прилеп.

3. Решението да се достави до именованите, ЈКП “Комуналец”, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 416/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.02.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

1. Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 431/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2007 год. на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на точка 6 став 3 од Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2007 година (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.15/06), чл. 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и чл.26,с.1,т.46 од Статутот на општина Прилеп(“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.6/03 и 4/05),Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 14.02.2007,донесе:

**О Д Л У К А**
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Чл.1

ЈКП"Водовод и канализација"- Прилеп се ослободува од плаќање надоместок за комунално уредување на градежно земјиште за реконструкција на водоводната мрежа на град Прилеп со донација од **KFW** банката.

Чл.2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 416/10
14.02.2007 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 84 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"5/2002) и член 113 став 2 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Градоначалникот на општина Прилеп, донесе:

О Д Л У К А
За распишување избори на членови на Советите во Урбаните заедници во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори на членови на Советите во Урбаните заедници во Прилеп.

Член 2

Изборите во Урбаните заедници во Прилеп ќе се спроведат како следува:

На ден 26.02.2007 година избори да се спроведат спроведат во УЗ "Општина", во Големата сала на Општина Прилеп, со почеток во 19,оо часот;

На ден 27.02.2007 година избори да се спроведат спроведат во УЗ "Центар", во Големата сала на Општина Прилеп, со почеток во 19,оо часот;

На ден 28.02.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Варошко маало", во Домот "Спиро Забрчанец" со почеток во 19,оо часот.

На ден 01.03.2007 година избори да се спроведат спроведат во УЗ "Бончејца", во Големата сала на Општина Прилеп, со почеток во 19,оо часот;

На ден 02.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Вишне", во просториите на МЗ "Вишне", со почеток во 19,оо часот.

На ден 05.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Корзо", во просториите на ОУ "Рампо Левката", со почеток во 19,оо часот.

На ден 06.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Гоце Делчев", во просториите на МЗ "Гоце Делчев" со почеток во 19,оо часот.

На ден 07.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Точила", во просториите на ОУ "Блаже Конески", со почеток во 19,оо часот.

На ден 09.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Рид", во просториите на Домот на МЗ "Рид", со почеток во 19,оо часот.

На ден 12.03. 2007 година избори да се спроведат во УЗ "Варош" во Домот на МЗ "Варош", со почеток во 19,оо часот.

На ден 13.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Тризла I" во просториите на ОУ "Добре Јованоски", со почеток во 19,оо часот.

На ден 14.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Тризла II" во просториите на ОУ "Добре Јованоски", со почеток во 19,оо часот.

На ден 15.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Сточно пазариште", во Големата сала на Општина Прилеп, со почеток во 19,оо часот;

На ден 16.03.2007 година избори да се спроведат во УЗ "Чачорица", во просториите на ОУ "Рампо Левката", со почеток во 19,оо часот.

Член 3

Изборите ќе ги спроведат членовите на Комисијата за месна самоуправа на Советот на општина Прилеп.

Член 4

Одлуката да се достави Комисијата за месна самоуправа на Советот на општина Прилеп, Урбаните заедници во градот и да се истакне на видни места во Урбаните заедници во градот.

Одлуката да се објави на брановите на Радио и ТВ Прилеп.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 08 – 414/1
14.02.2007 год.
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

# С О Д Р Ж И Н А
## на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 2 од 16.02.2007 година

1. Решение за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2007 година. ..........................................**Стр.1**

2.Решение за усвојување на Финансискиот план на "Терминал"– Комуналец ДООЕЛ – Прилеп за 2007 година. ..................................**Стр.2**

3. Решение за усвојување на Извештајот за состојбата на возниот парк и потребата на материјално – технички средства на ТППЕ – Прилеп. ..................................................................................**Стр.2**

4. Заклучок за усвојување на Информацијата – податоци за изведената состојба на лице место на дел колективни станбени згради во Прилеп. ..................................................................................**Стр.3**

5.Заклучокт за усвојување на Извештајот за моменталната состојба во ЈРДП на локално ниво ЦПРТ– Прилеп. ..........................**Стр.3**

6. Одлука за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2007 година за Општина Прилеп. ...................................**Стр.4**

7. Одлука за утврдување Нацрт на урбанистички план вон населено место – Стопански комплекс за изградба на бензинска и плинска станица со пропратни услужни објекти на патот Р – 106. ..**Стр.4**

8. Решение за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Комуналец" – Прилеп. ..................................................................................**Стр.6**

9. Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште. ...................................................**Стр.7**

### АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

10. Одлука за распишување избори на членови на Советите во Урбаните заедници во Прилеп

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.